Вест: 19. 05. 2012 год.

МАКЕДОНСКИОТ БАЛЕТ ГОСТУВАШЕ НА ФЕСТИВАЛОТ ВО ТРАБЗОН



▲ Во Трабзон, директорот Горан Божинов, режисерката Поплавска и кореографката Панго, со играчите Марија Јосифовска - Ристова, Драган Кочовски, Лиле Миленковска, Биљана Пашариковска, Мирослав Митрашиновиќ, Јан Киселев, Маја Митровска - Богојевски и Марина Георгиевска

# Турците воодушевени од "Врати" на Панго

Екипата на модерниот балет "Врати" од Македонската опера и балет, во кореографија на Олга Панго, деновиве се врати од Трабзон, Турција каде што учествуваа на 13. Интернационален црноморски фестивал за театар.

"Врати", која обединува драма, видео, поезија, танц и музика во живо, е во режија на Наташа Поплавска.

Како што ни рече Панго, покрај Македонија, на Фестивалот учествувале и Турција, Романија, Грузија, Латвија, Русија, Италија, Романија, Авганистан, Унгарија, Обединетото Кралство и Холандија.

"Се работи за навистина голем фестивал, со високо реноме. Декорот и видеоопремата потребни за претставата беа изработени таму. Прекрасно искуство за нас", ни раскажа восхитено кореографката по враќањето. Претставата ја играа во неделата, во сала која собира околу 600 посетители, и ги испратиле, вели таа, со големи овации, а особено биле позитивни реакциите на автентичната музика на Џенгиз Ибрахим, кој во живо изведува музика на традиционални инструменти. Од Фестивалот добиле благодарница, а Панго истакнува оти директорот на Државниот театар на комедија во Санкт Петербург, Русија, ги поканил да гостуваат кај нив.

МОБ третпат гостува на овој фестивал, кој се одржа од 2 до 15 мај, а на кој се претставуваат национални театри, со претстави кои ги обединуваат театарот и танцот. Во 2006 г. беше изведена "Јас, Исидора" на Панго, и доби награда за најдобро танцово составување, а во 2007 претставата "Дива љубов" на Саша Евтимова ја освои втората награда, и беше прогласена за најдобро изведена претстава.

(Б.Н.)